РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
СКОПЈЕ

Согласно член 31 став 2 точка 28 ѓ и член 42 од Изборниот законик на Р.М („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06,136/08,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18 ), Државната изборна комисија на седницата одржана на 22.01.2019 донесе

# УПАТСТВО

## ЗА ВРШЕЊЕ УВИД ВО ЕВИДЕНЦИЈАТА НА МВР ЗА ИЗДАВАЊЕ НА БИОМЕТРИСКИ ИСПРАВИ КАКО И ВО БАЗИТЕ НА ПОДАТОЦИ И ЕВИДЕНЦИИ НА ГРАЃАНИ НА ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

### Член 1

**Вовед**

Со овој Правилник се уредува давањето на овластувањата на Правната служба за вршење на увид, кореспонденцијата со надлежните органи и институции во чии бази на податоци увидот се спроведува согласно член 32 став 2 точка 28 ѓ, времето, местото и начинот на кој увидот се спроведува, изготување на извештај за спроведениот увид.

### Член 2

**Овластени лица**

По барање на член на Државната изборна комисија се задолжува Правната служба да изврши увид во евиденцијата на Министерството за внатрешни работи за издавање на биометиски исправи, како и во базите на податоци и евиденции на граѓани на други државни органи и институции.

### Член 3

Овластувањето од членот 2 од овој Правилник содржи: Име и презиме на советникот во Правната служба овластен да го изврши увидот, датум и време за вршење на увидот, список на податоци на граѓани за кои увидот се врши, основот поради кој увидот се врши, потпис и печат на овластеното лице

**Член 4**

Државната изборна комисија со официјално известување ја известува надлежната институција во чии бази на податоци се врши увидот за денот и времето кога увидот ќе се врши, името и презимето на овластеното лице кое ќе го врши увидот, податоците за лицата за кои се врши увидот во базата на податоци на МВР како и другите надлежни органи и институции, како и основот поради кој се врши увидот.

Доколку надлежната институција во рок од три дена од денот на поднесеното известување не одговори на даденото известување на Државната изборна комисија за вршење на увидот, Државната изборнакомисија до надлежната институција упатува ургенција.

Доколку надлежната инистуција и по упатената ургенција не овозможи увид согласно член 31 став 2 точка 28 ѓ од Изборниот законик, Државната изборна комисија со писмо ја известува Владата на РМ.

**Член 5**

**Вршење на увидот во МВР**

При увидот лицето овластено од Државната изборна комисија е должно да ја утврди целокупната фактичка состојба во базата на податоци (досието) на лицето наведено во овластувањето дадено од Државната изборна комсија, за кое се врши увидот. Притоа увидот опфаќа утврдување на:

1. Личните податоци: име, презиме, матичен број на лицето, адреса, датумот на издавање на биометриската исправа
2. Датумот кога е поднесено Барањето за издавање на биометриска исправа,
3. Основот за поднесување на Барање за издавање на биометриска исправа
4. Потребни Докази во прилог на поднесеното Барање согласно правилата и процедурите на надлежниот орган

   *- За издавање на лична карта (извод од матична книга на родени и имотен лист и договор за купопродажба или договор за закуп на станбен простор ( Согласно член 2 став 2) од Законот за лична карта),*

   *- За промена на адреса/ живеалиште ( извод од матична книга на венчани при промена на живеалиште по основ брак (Согласно член 3 став 4 од Законот за лична карта),*

   *имотен лист и договор за купопродажба или договор за закуп на станбен простор (Согласно член 2 од Законот за лична карта),*

   *- За издавање на патна исправа (потребни докази во прилог на барањето)*

   *- За издавање на државјанство ( Исполнување на законските условите и пропратни докази согласно Законот за државјанство)*
5. Датумот кога е донесено Решението за издавање на биометриска исправа од страна на надлежниот орган
6. Датумот кога е издадена биометриската исправа од страна на надлежниот орган
7. Останати промени во досието на лицето за кое се вршо увидот, а кои се однесуваат на основот поради кои се врши увидот се врши.

**Член 6**

**Вршење на увидот базите на податоци и евиденции во другите државни органи и институции**

При увидот овластеното лице е должно да ја утврди целокупната фактичка состојба во базата на податоци (досието) на лицето наведено во овластувањето дадено од Државната изборна комсија за увидот се врши, настанатите промени, видот на настанатите промени и др.

**Член 7**

Овластеното лице сите утврдени податоци ги внесува со посебен Образец пропишан од Државната изборна комисија во кој ги внесува сите податоци од членот 5 и 6 од овој Правилник.

**Член 8**

Лицето од ставот 7 на овој член задолжително треба да има потпишано изјава за заштита на личните податоци, да е запознато со начелата за заштита на личните податоци пред неговиот пристап до личните податоци, како и да превзема мерките за нивна заштита, согласно Законот за заштита на личните податоци.

Лицата на кои им се ставени на располагање податоците се одговорни за заштитата на службените и личните податоци и се должни да се однесуваат кон истите согласно ова упатство и важечките прописи.

**Член 9**

**Изготвување на писмен извештај**

Овластеното лице од Правна служба на Државната изборна комсија во рок од 5 дена од денот на даденото овластување го врши увидот и изготвува писмен извештај за извршениот увид. Извештајот опфаќа:

-Име и презиме на овластеното лице

-Датумот на даденото овластување

-Датумот кога е извршен увидот

-Листа на лица за кои од Државната изборна комисија е овластено да изврши увид во базите на податоци на институциите и утврдената фактичка состојба.

Во прилог на извештајот се доставува и пополнетиот Обрезец од членот 7 од овој Правилник. Изготвениот Извештај заедно со Образецот се доставуваат до членовите на Државната изборна комисија на одлучување.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**

Број 08-224/1
28.01.2011год.
Скопје